**Барање 23-5602**

**Сите документи поврзани со МХЕЦ Баров Дол и МХЕЦ Папрад**

**Одговор 23-5602**

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), Општина Кавадарци односно одделение за урбанизам во Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина има водено постапки за одобрување на проекти за инфраструктура во информацискиот систем е-урбанизам, и истите се одобрени со потврда за заверка и тоа:

- постапка со број 28690 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Папрад со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци и
- постапка со број 28691 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Баров Дол со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци.

Во прилог на ова Решение, Ви испраќаме релевантна документација и тоа копија од следниве документи :

За мала хидроелектрана Папрад:

1. Елаборат за заштита на животната средина за изградба на мала хидроелектрана Папрад
2. Проект за инфраструктура изградба на мала хидро електрична централа Папрад
3. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Баров дол и Папрад.
4. Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина за Проект Изградба на мала електрична хидро централа Папрад ,

За мала хидроелектрана Баров Дол:

5. Елаборат за заштита на животната средина за изградба на мала хидроелектрана Баров Дол
6. Проект за инфраструктура изградба на мала хидро електрична централа Баров Дол
7. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Баров дол и Папрад.
8. Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина за Проект Изградба на мала електрична хидро централа Баров Дол